**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 август 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,18 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 22-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Силвана Бонева, Јован Манасиевски, Владо Бучковски, Фијат Цановски, Авдија Пепиќ и Радмила Шеќеринска, ме известија дека спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени се: Претседателот на Република Македонија и претседателот на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикам заради разгледување на Предлогот на резолуцијата за бегалците од воените дејствија во Република Грција за време на Граѓанската и Втората светска војна.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлогот на резолуцијата за бегалците од воените дејствија во Република Грција за време на Граѓанската и Втората светска војна.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници. Од нив за Предлогот гласаа сите 74 пратеници, од гласањето не се воздржа ниеден пратеник, против не гласаше ниеден пратеник.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точката од дневиот ред ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи може да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратеници не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, ве известувам дека согласно член 85 став 3, од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор а не е присутен во салата кога е повикан да говори го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траењње од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точката 1. - Предлогот на резолуцијата за бегалците од воените дејствија во Република Грција за време на Граѓанската и Втората светска војна.**

Предлогот на резолуцијата и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Здруженијата на граѓаните на децата бегалци и другите граѓани протерани по завршувањето на Граѓанската војна во 1949 година во Грција во 2004 година, со преставка се обратија до Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот на Собранието на Република Македонија. Во изминатите години оваа парламентарна комисија детално ги разгледуваше наводите од споменатата претставка и нивното финално барање Собранието на Република Македонија да заземе и декларира соодветни ставови пред домашната и странската јавност.

Како резултат на усогласените ставови Постојаната анкетна комисија, како и 11 пратеници на Собранието на Република Македонија од сите политички партии, на 14 декември 2007 година, до претседателот на Собранието достави ја “Предлогот на резолуцијата за бегалците од воените дејствија во Република Грција за време на Граѓанската и Втората светска војна”.

Почитувани колеги пратеници,

Честа да ја разгледа и донесе Резолуцијата за бегалците од воените дејствија во Република Грција за време на Граѓанската и Втората светска војна му припадна на овој нов состав на македонскиот парламент конституиран на 21 јуни 2008 година.

Предлогот на резолуцијата е предложен од пратениците: Илија Китановски, Роза Топузова Каревска, Џеват Адеми, Сафет Незири и Славица Грковска Лошкова од повеќе пратенички групи, а кон предлогот се приклучија пратениците Лилјана Поповска, Горан Петров, Цена Матевска, Оливер Шамбевки, Александар Николовски, Илија Димовски, Благородна Дулиќ, Петар Поп Арсов, Зоран Петревски, Павле Трајанов, Светлана Јакимовска, Косана Николиќ Мазнева, Јован Гинев, Александар Спасеновски, Оливер Деркоски, Анита Кипаризова Крстеска, Цветко Грозданов, Васко Шутаров, Надица Танчева Тулиева, Ристо Стојанов, Нада Станчевска, Никола Котевски, Ванчо Коцев, Марија Андоновска, Крсто Мукоски, Веле Ѓорѓиевски, Миле Пачемски, Анета Стефановска, Ивица

Ѓеоргиевски, Катерина Димеска, Владанка Авировиќ, Томе Даневски Јован Лазарев, Ратко Димитровски, Панче Дамески, Јаготка Ивановска, Соња Гелова Стојанова, Живко Пејковски, Дарко Димитриевски, Весела Честоева, Оливера Трајановска, Цвета Трипуновски, Дарка Петрушевска, Лилјана Затуроска, Лидија Митева, Виолета Ташева, Марјанчо Колески, Стојче Крстевски, Горан Ѓуровски, Христина Рунчева, Владо Стефановски, Саве Савески, Наташа Јаневска, Љубисав Иванов Ѕинго, Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилајан Станковиќ, Горан Сугарески, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски, Радмила Шекеринска, Стојан Андов, Соња Мираковска, Горан Мисовски, Тито Петковски и Трајко Вељаноски.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на резолуцијата.

Ги повикувам предлагачите и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на резолуцијата да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија пратениците Славица Грковска и Илија Димовски.

Има збор госпоѓа Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, почитувани деца од Егејскиот дел на Македонија, почитувани граѓани на Република Македонија,

Навистина е тешко да се говори денес. Навистина е тешко да се најдат зборови да се искажат сите емоции, да се искаже целата голгота на децата од Егејска Македонија. Тешко е затоа што станува збор за човечки судбини, за деца кои не можат сеуште да ги најдат своите мајки и татковци, за браќа и сестри кои сеуште не се познаваат, за браќа и сестри кои не се виделе со децении.

Затоа, сметам дека денес сме исправени пред една историска одлука. Фактот дека оваа Резолуција почна да се подготвува кога претседател на Анкетната комисија беше господинот Стојан Андов од ЛДП, дека својата финална верзија ја доживеа во претходниот мандат кога претседател на Анкетната комисија беше госпоѓата Мери Младеновска Георгиевска од СДСМ, зборува дека имаме консензус по ова прашање. Зборува за тоа дека треба да се грижиме за граѓаните на Република Македонија на ваков начин, меѓутоа, дека треба а се грижиме и за сите наши кои живеат и во Албанија и во Бугарија и во Србија и на секаде во светот. Затоа се надевам дека ова нема да биде последната од усвоените резолуции на ова Собрание и дека нашата грижа за сите наши секаде во светот има сили овој парламентарен состав да ја искаже исто така на соодветен начин.

Денес сметам дека не е ден за долго говорење. За тоа сакам да ве повикам да ја изгласаме оваа резолуција и да направиме се да го исполниме аманетот од нашите претци, нашите родители, нашите роднини, нашите пријатели да се исправи една голема историска неправда. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Здруженијата на децата бегалци,

Се чувствувам гордо што имам можност да бидам пратеник во мандатен период во кој се расправа и дискутира за правата на децата бегалци од Република Грција. Се чувствувам горд што имам можност да се обратам пред македонското собрание на една тема која претставува голема трагедија за македонскиот народ, која претставува голема траѓедија како социјална и хуманитарна димензија, меѓутоа, и голема трагедија запишана во меморијата на секој граѓанин од овие деца бегалци и како индивидуална димензија. Во секој човек бегалец има приказна, во секој човек бегалец има индивидуална трагедија, има изгубени шанси, има изгубени пријателства, има изгубени браќа, изгубени сестри, роднини, едноставно изгубен дел од својот живот.

Собранието на Република Македонија ја покажа својата доблест вака како што не гледате овде единствено и заедно да ја покаже својата намера да не отстапи од идеата за заштита на основните права на граѓаните на Република Македонија и на основните права на Македонците каде и да живеат во светот. За нас е неприфатливо во 20-от и во почетокот на 21-от век да премолчуваме на дискриминацијата по етничка основа, да премолчуваме на дискриминацијата која за жал се случуваше на Балканскиот полуостров.

Историскиот контекст на оваа територија од Европа ни е многу познат на сите нас, меѓутоа, тоа не е доволна причина да премолчуваме и да не преговориме гласно, да не преговориме јасно дека не е дозволива дискриминација по етничка основа во почетокот на 21-от век.

Оваа категорија на граѓани се граѓани на Република Македонија, меѓутоа, во оваа категорија на граѓани има многу лица кои се граѓани на САД, Канада, Австралија, на повеќето европски земји, на повеќето држави поранешни членки на Советскиот Сојуз. Оваа трагедија мора да биде исправена, решавањето на оваа трагедија мора да биде пример дека на Балканот се надминати стереотипите на 19-от век.

Собранието на Република Македонија преку донесувањето на оваа резолуција дава јасна политичка волја и јасна политичка насока на сите институции и органи во Република Македонија во насока на поддршка на напорите на здруженијата на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, во насока на комплетирање на документацијата и обезбедување правна помош,

во насока на остварување на своите основни човекови права, врз база на Универзалната декларација за правата на човекот на обединетите нации, меѓутоа, и врз база на сите легитимни декларации и резолуции на повеќето институции во светот.

Ние би сакале да потенцираме дека добрососедските односи се приоритет на Република Македонија, ние би сакале да потенцираме дека развојот на демократијата на Балканот е приоритет, меѓутоа, исто така приоритет ни е и заштитата на основните права на граѓаните.

Во насока да не ја одолжуваме расправата, уште еднаш ќе потенцирам дека и јас лично, меѓутоа, и моите колеги пратеници се исклучително горди што имаат можност да бидат пратеници токму во овој мандатен период на Собранието на Република Македонија во кој ја донесуваме оваа резолуција. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на резолуцијата е завршен.

Предлогот на резолуцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 88 пратеници.

Од нив за Предлогот на резолуцијата гласаа сите 88 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против нема никој.

Соглано гласањето констатирам дека Собранието едногласно со акламација ја донесе Резолуцијата за бегалците од воените дејствија во Република Грција за време на Граѓанската и Втората светска војна.

(Силен аплауз во салата и присутните стануваат)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 22-та седница на Собранието е завршена.

Сакам да ве информирам, согласно договорот на координацијата, ќе продолжиме веднаш со 18-та седница за десетина минути. Значи во 11,45 часот продолжуваме со 18-та седница на Собранието. Благодарам.

(Седницата заврши во 11,35 часот)